КАВАДАРЕЧКА КУЛТУРНА ЕСЕН 2011

ДОМОТ НА КУЛТУРАТА "ИВАН МАЗОВ - КЛИМЕ",
ГРАДОНАЧАЛНИКОТ И СОВЕТОТ НА ОПШТИНА
КАВАДАРЦИ ВЕ ПОКАНУВААТ НА

# ВО ПОТРАГА ПО ЗАБОРАВЕНИОТ ГОВОР

ДРАГАН НАЈДЕНОВСКИ ВЛАДИМИР СИМОНОВСКИ СТЕФАН МАЛБАШИЌ

САЛА ПРИ ДОМ НА КУЛТУРА ИВАН МАЗОВ - КЛИМЕ,
СРЕДА, 19. ОКТОМВРИ 2011 ГОД. 19.00 ч.



ДРАГАН НАЈДЕНОВСКИ
ул. Солунска бр.216 г
7000 Битола,
моб: +389 75 62 71 06
e-mail: najdr_2000@yahoo.com



ПРЕДЕЛ 1012, МАСЛО НА ПЛАТНО 50 X 70



ВЛАДИМИР СИМОНОВСКИ
ул. Охридска бр.99
7000 Битола,
моб: +389 70 39 59 98
e-mail: vsimonovski@gmail.com



НАГОРЕ, ОБЈЕКТ
ПЛАТНО/ДРВО/СТАКЛО



ПАТ, ОБЈЕКТ - ПЛАТНО/ДРВО



СТЕФАН МАЛБАШИЌ
ул. Маршал Тито бр.100/1
7000 Битола,
моб: +389 76 46 99 00
e-mail: stefanmanastir@gmail.com



ИМПУЛС, КОМБИНИРАНА ТЕХНИКА 100 Х 200

Изложбата на тројцата битолски автори:Драган Најденовски,Владимир Симоновски и Стефан Малбашиќ иако на прв поглед содржи одредена визуелна хетерогеност,во суштина е суптилно поврзана со специфичен идеен концепт.Концепт втемелен на одреден естетски идеал,творечки и креативен импулс кој има свои длабоки причини и корени.
Корените пред се се флуидно исткаени од она што значи екстракт на битолското ликовно миље во минатото.Ликовност која имаше широк круг на распространување и влијание.Битолската современа ликовна школа од средината на дваесеттиот век остави нај позитивни траги во пошироки простори и центри и сфаќања за ликовната постапка кои пред се со универзално и повеќеслојно значење.
Естетското и креативното иако во принцип и суштина го одредува единствениот,индивидуален чин кај секој од авторите,сепак содржи одредена интонација и поставеност која во суштина има пред се сериозен и посветен скоро аскетски став кон целосното припаѓање и ликовно изразување.

Драган Најденовски,следејќи го посветено,без прекин,длабоко и целосно својот ликовен пат се повеќе ги отстранува слоевите на ликовноста стигнувајќи до одредено јадро-кое пред се е карактеристично за зрелост и скоро совршена прочистеност.
Неговиот однос кон композицијата,колоритот и линеарноста,слободно се движи без никакви дилеми или преиспитувања.Тој во својата ликовност разоткрива еден специфичен филозофски а во исто време и лирски став кон сопствениот творечки универзум. неговата, навидум,чиста,искристализирана и беспрекорна елементарност.
Тоа пред се е своевидна реминисценција и резимираност која хомогено е вплотена во цврст и сугестивен ликовен израз.
Стилизацијата и линиската интервенција во поетиката и иконографијта со која го претставува пејзажот во сите полифониски слоевитости-пред се е специфичен ликовен израз,израз кој мотивот го искористува само за да искаже подлабоки ликовни размисли и восприемања на елементарната целокупна духовност пред се на внатрешната убавина на човековиот пејсаж.
Со оваа богата мисловна ликовна поставеност Драган Најденовски ни разоткрива еден нов химничен слој на човековото суштествување - катедрално во својата скромност и возвишеност.

Владимир Симоновски иако е од помладата ликовна генерација на Битола,се појавува исто така со специфични пред се мисловни постапки кои ликовноста,која ја издигнува на едно повисоко и по метафизичко ниво, наспроти истрошеноста и се почестата речиси до баналност злоупотребувана колоритност,линеарност...
Неоптоварен со идејата за допадливост или наративност,Владимир оди исто така како и кја Драган,до еден прочистен,растоварен,елементарен израз. Израз кој е уште повеќе сублимирана и сведена на првичната архетипска форма која освен вертикалното и хоризонталното во ебе ја содржи и мислата за целосна слеаност,претопеност,споеност и скоро универзална мисловност со она што пред се е метафизичка симфонија во човековото суштествување распнато помеќу материјалната минливост и проклетост и духовната невидливост и вечен копнеж-најчесто недофатлив.Неговата елементарност и аскетизам е потпрена во една фокусна точка во средината на двата пресеци на двете тајни-точка која како да ја содржи целокупната звездена ликовна порака која низ целокупната историја на човештвото упорно се обидуваме да ја дешифрираме.

Стефан Малбашиќ.има специфиќен ликовен пат.Неговата посветеност кон ликовноста не е научена или прифатена,таа е негов сопатник од нај мала возраз-таа е речиси другиот говор со кој се обидува да ги избалансира состојбите , дилемите,тајните на опкружувањето.
Неговиот израз во иконографијата има свој специфичен пат кој директно е во корелација со повеќевековната традиција и разговор со теолошкиот бескрај.
Во изложениве дела,Стефан прави еден смел исчекор кој е во целос сосема радикален,смел и целосно директност.
Неговиот однос кон колоритот,композицијата и се разбира замислениот лебдечки цретж е потполно слободен и потполно речиси целосно посветен кон одредена енергетска шаманистичка состојба. Состојба која се оделува од правилата и законите и со својата анархистичка темпераментност ги допира експлозивните екстатични пулсирања со силен метафизички знак.
Со она што некогаш беше наречено акционо сликарство, тој постмодернистички, резимира една состојба која е целосно оддадена на потполното отварање и авто -слобода на сликата која својот простор и своето време го сублимира, трансформира во своевиден специфичен свет кој е сепак тајна на самата слика која никогаш до крај самата не се разоткрива.

И тројцата автори-преку зрелата елементарност, преку специфичната храброст,упорно и бескомпромисно ја истражуваат тајната која е над говорот,над стварноста,над секојдневноста.Тајна која има свој ликовен а п с о л у т е н говор со свое длабоко значење , траење и неопходност...

**Владо Ѓорески**







ГРАДОНАЧАЛНИК
АЛЕКСАНДАР ПАНОВ И
СОВЕТ НА ОПШТИНА
КАВАДАРЦИ

МИНИСТЕРСТВО ЗА
КУЛТУРА НА РМ

ДОМ НА КУЛТУРА "ИВАН МАЗОВ-КЛИМЕ" КАВАДАРЦИ

ДИЗАЈН: ИГОР ТРАЈКОВСКИ ФОЈА